*Министерството за култура наскоро ќе го објави претставникот за ликовната манифестација во Венеција*

# Во конкуренција четири проекти

Македонскиот претставник за Ве..неци-скoто бие..нале ќе биде.. избран од ..пристигнатите четири прое..кти во Министерството за к..лтура. Изборот на уметнико.., односно, институцијата шт.. ќе ја претставува Република М..акедонија на оваа реномирана културна манифестација, која идната година ќе го одбележи 50 годишното постоење, ќе го направи државна комисија и таа наскоро ќе го објави македонскиот репрезент. Купување на павилјон, во градот на вода, како што најави министерката за култура, Ганка Самоиловска-Цветанова уште минатата година се уште е неизвесно. Во случај трајно да не се обезбеди простор, со кој ќе се реши проблемот што се појавува секоја втора година, тогаш треба навреме да се изнајми.

На овој избор за македонски претставник, Музејот на современата уметност учествува со три проекти од четири автори: Инсталација на Вана Урошевиќ со наслов "Премин", Искра Димитрова со проектот наловен "Blank message", уметниците Томе Аџиевски и Станко Павлески учествуваат со заедничко дело насловено "Кино Напредок". Уметничката галерија на овој конкурс се пријави со делото на Жанета Вангели со наслов "Интегрализам".

Авторите на проектите со кои е претставен МСУ на овој конкурс се искусни аввтори со меѓународно искуство, што е од особено значење, бидејќи избраниот претставни ќе треба да не претставува на национално ниво, вели Емил Алексиев, директор на МСУ. Директорката на Уметничката галерија "Скопје" Викторија Васева-Димеска, вели дека сЯЫ учесници ги подготвуваат

## Проектот "Сите ние сме всушност Албанци" тргнува од проблемот кој денес и е наметнат на Република Македонија






Пишувана ликовност – Сликан јазик, Станко Павлевски; Пишувана ликовност – Сликан јазик 2, Станко Павлевски

своите проекти пред да биде соопштена темата која секогаш е универзална. Проектот на Жанета Ванѓели е многу актуелен и ги допира сите глобални работи што денеска го тангираат светот.

Проектот на Вана Урошевиќ со наслов "Премин" ја објаснува идејата за преминување од една состојба во друга и за граничните места за преминување меѓу сонот и јавето, животот и смртта. Проектот зборува и за нешто што е заедничко на сите наши преминувања, а тоа е постоење на тајна, на скриеното значење зад она видливото. Проектот се состои од четири сандаци и одежди или наметки, облеки со кои авторот ја објаснува својата идеја на овој проект. Имено, преку различните облеки, одежди, авторот ги објаснува нашите преобразби. Според келтската митологија, тој што ќе стави наметка, добива изглед, облик и лик каков што сака и го задржува додека ја има на себе. Се плашиме од болка, од повреда, од допири, од погледи, од критики. Се плашиме од разголување од љубов, од старост од своето тело. Токму затоа ни се потребни одеждите. Сакајќи да ја скриеме повредливоста и кршливоста, наметнуваме агресивна предизвикувачка одежда.

"Кино Напредок" е заеднички проект и претставува спој на проектите на Станко Павлески "Пишувана ликовност - Сликан јазик" и "Сите ние сме всушност Албанци" на Томе Аџиевски. Овие два проекти ставени во еден, ги поврзува фактот дека се производ на македонската ликовна сцена, што ги допираат проблемите кои денес се актуелни и се третираат од страна на теоретичарите и од страната на уметниците.

Навидум станува збор за разгледување и поставување на две естетики, два различни проблеми, две естетики, два пристапа и обработка на два системи на вредности. Станко Павлески, се зафаќа со проблемот на уметничко дело и неговата егзистенција и редефиниција во рамките на светската теорија на уметност, додека Томе Аџиевски опфаќа локален политичко-социолошки-етнички проблем.

"Сите ние сме всушност Албанци" ги поставува Албанците како метафора за нечиј идентитет, ги поставува како еден проблем и закана за идентитетот на останатите кои не се декларираат така, но го поставува прашањето и во светски рамки. Проблемот со другоста се уште постои таму каде навидум е решен. Ирци/Англичани, Фламанци/Французи.. .. Проектот тргнува од еден проблем кој и е наметнат на Република Македонија. Поимот на етничкиот идентитет е еден од начините на одредување на Другоста и Другиот. Неговото потенцирање и засилено политизирање како еден вид на политички маркетинг, отвора сомнежи и прашања токму кон другоста и другиот.

"Пишувана ликовност-Сликан јазик" воспоставува комуникација со челниците на уметничката теорија. Тие што преку своите есеи, критики и текстови ја дефинираат визуелната уметност, наметнувајќи и го процесот на текстуализација на ликовно визуелниот запис. Проектот на Искра Димитрова насловен "Blank message" е инсталација преку која авторката обработува една современа тема, преку која се обидува да го прикаже портретот на градот. (Г. М.)